# ЗАПИСНИК

Од одржаната 40-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 20.12. 2023 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата од беа присутни сите (9) членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Александар Канзуровски, Горан Велјановски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни Градоначалникот Стевановски и вработени во Општина Новаци: Анета Киселоска – раководител, Летка Јовановска – раководител, Оливера Димитровска – раководител, Николина Лозановска – советник и Мирјана Хаџиевска – советник.

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 39-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и усвојување на Нацрт-Буџет на Општина Новаци за 2024 година;
3. Разгледување и донесување на Одлука за формирање на Комисија за попис;
4. Разгледување и донесување на измени и дополнувања на Финансиска програма за јавни дејности (образование) во Општина Новаци за 2023 година;
5. Разгледување и усвојување на Програма и Акциски план за социјална заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2024 година;
6. Разгледување и донесување на Програма за ЛЕР за 2024 година;
7. Разгледување и донесување на Локален акциски план за управување со отпад за 2024/25 година;
8. Разгледување и донесување на Програма за работа на Советот на Општина Новаци за 2024 година;
9. Разгледување и донесување на Програма за образование за 2024 година;
10. Разгледување и донесување на Програма за култура за 2024 година;
11. Разгледување и донесување на Програма за спорт за 2024 година;
12. Разгледување и донесување на Програма за еднакви можности за 2024 година;
13. Разгледување и донесување на измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2023 година;
14. Разгледување и донесување на Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Новаци за 2024 година;
15. Разгледување и донесување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Новаци за 2024 година;
16. Разгледување и донесување на Програма за животна средина на Општина Новаци за 2024 година;
17. Разгледување на Програма за изработка на урбанистички планови на територија на Општина Новаци за 2024 година;

18. Разгледување и усвојување на Програма за работа на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци за 2024 година;
19. Разгледување и усвојување на План за јавни набавки на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци за 2024 година;
20. Советнички прашања.

**<u>Дополнување:</u>** Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 40-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска, предложи Дневниот ред да се измени и дополни. Имено Претседателката предлага, да не се разгледуваат точките бр.3 и бр.19 и воедно дневниот ред да се дополни со 5 (пет) точки по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

1. Разгледување на Барање од Славе Стефановски од с. Живојно ( бр. 03-13/189 од 28.11.2023г.), како лице во социјален ризик;
2. Разгледување на Барање од Мендо Колевски од с. Новаци ( бр. 03-13/202 од 18.12.2023 г.) како еднородителско семејство;
3. Разгледување на Барање од Јагода Стојчевска од с. Далбеговци ( бр. 03-13/195 од 06.12.2023г.), како лице со здравствени проблеми;
4. Разгледување на Барање од Доста Талевска од с. Г.Агларци ( бр.03-13/ 203 од 19.12.2023г.), како семејство во социјален ризик;
5. Разгледување на Барање од Анѓа и Благоја Димовски (бр. 03/13/182 од 21.11.2023год.), како семејство во социјален ризик.

Советот на Општина Новаци со **<u>8 гласа за</u>** го прифати изменувањето и дополнувањето на Дневниот ред.На тој начин Дневниот ред на 40-та седница на Советот на Општина Новаци, по претрпените измени и дополнувања е составен од 23 (дваесет и три) точки, со тоа што точката бр. 20 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 23.

Предлогот за изменетиот и дополнет Дневен ред на 40-та Седница на Советот на Општина Новаци беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **<u>8 гласа за</u>**.
*(Советникот Александар Канзуровски задоцни на гласањето за Дневниот ред)

**1 точка**<u>: Разгледување и усвојување на Записникот од 39-та седница на Совет на Општина Новаци</u>

По разгледувањето, Записникот од 39-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **<u>9 гласа за</u>**.

**2 точка**: <u>Разгледување и усвојување на Нацрт-Буџет на Општина Новаци за 2024 година;</u>

Раководителот на финасиии, Оливера Димитровска детално го образложи Нацрт-Буџетот, планираните приходи и расходи за 2024 год. во износ од 198.126.019,00 денари. При тоа нагласи дека се работи за Нацрт - Буџет што значи дека буџетот може да претрпи измени и дополнувања доколку советниците имаат некакви забелешки или предлози.

По кратката дискусија Советот на Општина Новаци гласаше по однос на втората точка така што со **<u>6 гласа за и 3 гласа против</u>** го усвои Нацрт-Буџет на Општина Новаци за 2024 год.

**3 точка**: Разгледување и донесување на измени и дополнувања на Финансиска програма за јавни дејности (образование) во Општина Новаци за 2023 година;

По однос на третата точка, збор раководителот на финасиии Оливера Димитровска, која пред Советот ја објасни причината за измена на оваа програма, која се прави поради исплатата за регрес на вработените во образованието. Имено планираните средства за исплата на регрес предвидени во Финансиската програма треба да се пренаменат поради фактот што финансиите за тоа ги обезбеди МОН на РСМ, а не од Буџетот на општина Новаци.

По објаснувањето,Советот на Општина Новаци гласаше така што со **6 гласа за и 3 гласа воздржан** донесе Измени и дополнувања на Финансиска програма за јавни дејности (образование) во Општина Новаци за 2023 година.

**4 точка**: Разгледување и усвојување на Програма и Акциски план за социјална заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2024 година;

По однос на четвртата точка Советот беше информиран за новините што ги содржи Програмата, а се однесуваат на жртвите на семејно и друг вид на насилство како и на субвенционирањето на студенти кои се запишуваат прв циклус – прва година на државните универзитети во РСМ.

Советот на Општина Новаци по разгледувањето на Програмата со **6 гласа за и 3 гласа воздржан** усвои Програма и Акциски план за социјална заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2024 година.

**5 точка:** Разгледување и донесување на Програма за ЛЕР за 2024 година;

Советот на Општина Новаци ја разгледа Програмата за ЛЕР за 2024 год. чија основна цел е да даде придонес во локалниот економски развој преку реализација на веќе започнатите и аплицирање на нови проекти.

По дискусијата Советот на Општина Новаци **6 гласа за и 3 гласа воздржан** донесе Програма за ЛЕР за 2024 година.

**6 точка:** Разгледување и донесување на Локален акциски план за управување со отпад за 2024/25 година;

Советниците добија информација дека Локалениот акциски план за управување со отпад за 2024/25 год. ја утврдува политиката за управување со отпад со цел намалување на создадениот отпад и подобрување на локалните пракси за селекција, собирање и депонирање на отпадот во согласност на меѓународните стандарди.

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за и 3 гласа воздржан** донесе Локален акциски план за управување со отпад за 2024/25 година.

**7 точка:** Разгледување и донесување на Програма за работа на Советот на Општина Новаци за 2024 година;

Советот на Општина Новаци во својата програма ги наведе планираните активности кои ќе ги изврши во 2024 год. согласно законската регулатива во оддреден период во текот на календарската година, како и донесување на акти согласно неговата надлежност за кои нема конкретна временска рамка, а ќе се донесуваат во текот на 2024г.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за и 2 гласа воздржан** донесе Програма за работа на Советот на Општина Новаци за 2024 година.

**8 точка:** Разгледување и донесување на Програма за образование за 2024 година;

Советот ја разгледа Програмата за која детални информации даде Мирјана Хаџиевска – советник, во која новина преставува делот наменет за награди за талентирани ученици и нивните ментори за освоени места на рџавен и регионален натпревар по наставен предмет или индивидуален спорт.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Програма за образование за 2024 година;

**9 точка:** Разгледување и донесување на Програма за култура за 2024 година;

Мирјана Хаџиевска – советник, пред Советот на Општина Новаци во кратки црти ја презентирше Програмата која овозможува меѓу другото, задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата .

По кратката дискусија Советот на Општина Новаци со **7 гласа за и 2 гласа воздржан** донесе Програма за култура за 2024 година.

**10 точка:** Разгледување и донесување на Програма за спорт за 2024 година.

По однос на оваа точка Мирјана Хаџиевска – советник, на советниците им предочи дека вкупниот буџет потребен за реализација на предвидените активности во програмата изнесува 6.365.380,00 ден. со што се овозможува финансиска поддршка на спортските клубови, организирање на спортски натпревари на територијата на Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за и 3 гласа воздржан** донесе Програма за спорт за 2024 година.

**11 точка**: Разгледување и донесување на Програма за еднакви можности за 2024 година;

Советот на Општина Новаци ја разгледа Годишната програма за еднакви можности на за 2024год. која опфаќа активности од областа на родовата еднаквост и недискриминација, иницијативи и акции кои ќе водат кон унапредување на положбата на мажите и жените и заштитата од дискриминација.

Советот на Општина Новаци со **едногласно** донесе Програма за еднакви можности за 2024г.

**12. точка:** Разгледување и донесување на измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2023 година;

Советот ја разгледа Програмата во која измената се состои во тоа што изградбата на локален пат во с. Брод нема да се реализира, но се додава изградба на патека и плато кај стара амбуланта (РЕК Новаци) и изградба на улица и заден двор на општинаска зграда. Со овие измени и дополнувања буџетот за реализација на активностите наведени во програмата изнесува 8.994.219,00 ден.

Советот на Општина Новаци по кратката дискусија со **6 гласа за и 3 гласа воздржан** донесе Програма за еднакви можности за 2024г.

**13.точка:** Разгледување и донесување на Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Новаци за 2024 година

По однос на оваа точка Летка Јовановска – раководител, пред советниците накратко ја презентираше Програмата чија цел е обезбедување на услови за социо – економски развој на општината преку обезбедување просторни услови за развој што ќе им овозможат на заинтересираните правни и физички лица изградба на сопствени простории за обавување на одредена дејност.

По кратката дискусија советниците гласаа, така што со **9 гласа за** донесоа Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Новаци за 2024 година

**14 точка:** Разгледување и донесување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Новаци за 2024 година;

Летка Јовановска – раководител, и по однос на четиринаесеттата точка зеде збор пред советниците и им ја презентирање програмата со која се уредуваат обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации и сл.

По разгледувањето и дискусијата Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Новаци за 2024 година

**15 точка:** Разгледување и донесување на Програма за животна средина на Општина Новаци за 2024 година;

И по однос на оваа точка Летка Јовановска пред советниците ја презентирање Програмата и при тоа нагласи дека новина за наредната година е субвенционирање на домаќинствата во Општина Новаци за поставување на сончеви колектори и бојлери.

Советот ја разгледа Програмата по што се гласаше и со **9 гласа за** донесе Програма за животна средина на Општина Новаци за 2024 година;

**16. точка**: Разгледување на Програма за изработка на урбанистички планови на територија на Општина Новаци за 2024 година;

Советот ја разгледа Програмата за чија реализација Општина Новаци треба да склучи договор со овластена организација за изработка на урбанистички планови за населените места во општината.

Советниците со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Програма за изработка на урбанистички планови на територија на Општина Новаци за 2024 година;

**17. точка:** Разгледување и усвојување на Програма за работа на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци за 2024 година;

Советот на Општина Новаци ја разгледа Годишната Програма за работа на ЈПКД, во која се наведени активностите во делот на управување со отпад, одржување на водоводна и канализациона мрежа, работи и услуги од нискоградба и градежништво, уредување и одржување на јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини и орджување на локални патишта во зимски услови.

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за, 2 гласа воздржан и 1 глас против** донесе Програма за работа на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци за 2024 година;

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош Советот ги разгледа

**18 точка:** Разгледување на Барање од Славе Стефановски од с. Живојно ( бр. 03-13/189 од 28.11.2023г.), како лице во социјален ризик;

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Анѓа и Благоја Димовски од с. Рапеш

**19 точка:** Разгледување на Барање од Мендо Колевски од с. Новаци ( бр. 03-13/202 од 18.12.2023 г.) како еднородителско семејство;

Советниците **едногласно** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Мендо Колевски од с. Новаци

**20 точка:** Разгледување на Барање од Јагода Стојчевска од с. Далбеговци ( бр. 03-13/195 од 06.12.2023г.), како лице со здравствени проблеми;

Советот **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Јагода Стојчевска од с. Далбеговци

**21 точка:** Разгледување на Барање од Доста Талевска од с. Г.Агларци ( бр.03-13/ 203 од 19.12.2023г.), како семејство во социјален ризик;

Советниците **едногласно** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Доста Талевска од с. Г.Агларци

**22 точка:** Разгледување на Барање од Анѓа и Благоја Димовски (бр. 03/13/182 од 21.11.2023год.), како семејство во социјален ризик.

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Анѓа и Благоја Димовски од с. Рапеш

**23 точка:** Советнички прашања

Советникот Иван Котевски зеде збор и побара од Советот на Општина Новаци во иднина точките кои се однесуваат на спортските клубови, спотртските турнири и други спортски активности за кои Советот треба да одлучува, да се разгледуваат од страна на Комисијата за спорт пред да бидат разгледани од страна на Советот.

Исто така Советникот Котевски побара од Градоначалникот Котевски да разговара со Подрачната полициска станица во врска со фрекфентниот сообраќај на регионалниот пат Новаци - Битола кој преставува сериозна закана за безбедноста на жителите. На ова Градоначалникот одговори дека наскоро се планира да се изработи проект за вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација на делот од патот кој врви низ населеното место, со што ќе се зголеми сообраќајната безбедност на пешаците и на возилата.

Советникот Љупчо Петровски постави прашање до Градоначалникот, за потребата од обновување на обележување со бела боја на патот меѓу населените места Новаци и Агларци.

На ова Градоначалникот одговори дека обележувањето на регионалните патишта е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта, така што Општина Новаци нема ингеренции за тоа.

Советот на Општина Новаци, по разгледувањето на сите точки од дневениот ред, немаше дополнителни советнички прашања со што 40-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска